Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-266/3
25-04-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-266 од 22.2.2024 година, поднесена од [redacted] од Велес за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-266 од 22.2.2024 година, поднесена од [redacted] од Велес **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 22.2.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против [redacted], за извршена дискриминација врз основ на лично религија или верско уверување во областа на јавно информирање и медиуми.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беше наведена адреса на потенцијалниот дискриминатор, на 29.2.2024 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителката достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја наведе адресата и останати лични податоци на потенцијалниот дискриминатор, како и да конкретизира со кое дејствие смета дека лицето против кое ја поднесува претставката за заштита од дискриминација ја дискриминирало.

Подносителката на претставката не ја доуреди истата во предвидениот законски рок и следствено на тоа, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
23.4.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]